# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО 2019




**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жени**

# ЗА ЕСЕ

Здружението ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените. Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Но, уште повеќе, се застапуваме за менување на законите и политиките што влијаат врз спроведувањето на здравствените права и правата на жените. Застапуваме на национално, но, и на меѓународно ниво. Подготвуваме и поднесуваме „извештаи во сенка“ и други видови документи за спроведување на меѓународните документи за правата на човекот пред одговорните меѓународни тела.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 1 | ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 5 |
| 2 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 18 |
| 3 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 26 |
| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | 32 |

# 1

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2019 ГОДИНА

### ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ, МАЈКИ И ДЕЦА

Во 2019 година, продолжи трендот на непланско проектирање на макроекономските политики, и сто тоа влијанието, односно ограничувањето на пристапот на жените, мајките и децата до здравствените услуги. Наодите на ЕСЕ покажаа дека реформите кои во изминатиот период се спроведуваат, а се во насока на проширување на фискалната основа која треба да овозможи поголем прилив на средства во буџетот на државата и фискална консолидација, влијаат врз промена на расположливите средства во јавниот систем, посебно на расположливите средства во јавно-здравствениот систем. Дополнително, Владата презема чекори за економска либерализација, привлекување на странски директни инвестиции и стимулирање на домашни компании за зголемување на платите на вработените, кои директно влијаат врз оптоварување на државниот буџет заради обезбедување на државни субвенции и ослободување од плаќање од јавни давачки на компании, кои според очекувањата треба да придонесат кон поголем и одржлив економски раст и развој на земјата. Сепак низата економски реформи резултираат со: евидентно забавен раст на расходите за финансирање на јавно- здравствените услуги; висок диспаритет во алоцирањето на средства од државниот буџет помеѓу јавното здравство и останатите државни функции; високи приватни трошоци за здравство на граѓаните; и недоволно пружање на здравствени услуги од јавно- здравствените установи во државата. Здравствените индикатори преку кои се мери развојот на една земја укажуваат на податокот дека во РСМ најмалку 100 илјади граѓани немаат пристап до една или повеќе основни здравствени услуги, а пак најмалку 40 илјади граѓани се соочуваат со значителни финансиски тешкотии заради трошоците кои сами ги плаќаат за добиената здравствена заштита. Односно, здравјето на граѓаните зависи од низа фактори врз кои тие самите немаат директна контрола. Во изминатиот период во светот и кај нас, ваквата состојба се почесто се објаснува како резултат на индивидуалната, наместо колективната неодговорност. Здравствениот сектор во РСМ се карактеризира со бавен раст на јавните расходи за здравство и висока зависност од приватните трошоци на граѓаните за добивање на основните здравствени услуги. Во РСМ јавните расходи за здравство претставуваат 4,79 % од БДП што е за приближно 3 % помалку од земјите членки на Европската унија (ЕУ). Во споредба пак, со земјите со исто ниво на развој во регионот, јавните расходи за здравство како процент од БДП, претставуваат 1% помалку од просечниот износот на јавни расходи кои се издвојуваат во земјите со високо средно ниво на развој.

Во 2019 година жените продолжуваат да се соочуваат со истите бариери како и во изминатите години по однос до пристапот до здравствени услуги за женското репродуктивно здравје. Односно во Македонија се уште недостасуваат 158 матични гинеколози во примарната здравствена заштита, поради што 50% од жените немаат избрано матичен гинеколог. Жените не се соодветно опфатени со Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката, односно опфатени се помалку од 30% од жените, што е далеку под опфатот во земјите на Европа (каде што изнесува над 75%). Тоа се должи на недостигот од матични гинеколози, меѓутоа и на намалувањето на буџетот за оваа Програма, кој во 2019 година беше намален за 2.8 милиони денари во однос на 2018 година. Жените не се соодветно опфатени со посети од патронажните сестри, а задоволството од обемот и видот на услугите добиени од патронажните сестри не е на задоволително ниво. Тоа се должи на нееднаквата територијална дистрибуција на патронажните сестри, поради што одредени општини се соочуваат со сериозен недостиг на патронажни сестри. При тоа како пример ја истакнуваме општината Шуто Оризари, во која неофицијално има над 30.000 жители и во која има висока стапка на наталитет, а истовремено има само две патронажни сестри. Дополнителен проблем претставува фактот што работата на патронажните сестри воопшто не е уредена со никаков правен акт.

Во периодот од 2011 до 2016 година во Македонија беше забележан значителен пораст на перинаталната и доенечката смртност. Стапката на доенечка смртност во 2011 изнесуваше 7,6 умрени доенчиња на 1000 живородени, а во 2016 година таа порасна на 11,9 на 1000 живородени, односно беше речиси три пати повисока од просечната стапка на доенечка смртност во земјите на Европа. Во 2017 и 2018 година стапката на смртност бележи опаѓање за во 2018 година да изнесува 5,7 на 1000 живородени. Иако, државата во соработка со Светската здравствена организација презема активности по однос на анализа на состојбите, сепак не се утврдени причините кои доведоа до пораст на смртноста во периодот 2011 – 2016 година. Државата и покрај информациите за унапредување на работата и здравствената заштита на новородените во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во периодот 2017 до 2019 година, исто така не дава други објасненија за драстичниот пад на стапката на смртност во 2018 година. Од клучно значење е да се утврди кои се фактори влијаеле на порастот на смртноста во периодот од 2011 до 2016 година, со цел државата да преземе мерки и активности за во иднина да се превенира повторен пораст на смртноста. Наодите од анализата на ЕСЕ со цел **утврдување на причините за порастот на перинаталната и доенечката смртност** спроведена во соработка со релевантни експерти на ова поле укажува на одредени состојби и проблеми кои треба да бидат адресирани од страна на државата. Пред се има недостиг од релевантни

податоци, а, воедно постои неусогласеност во податоците од различни извори, што значително го отежнува процесот на анализа и утврдување на факторите кои влијаат врз пораст на смртноста. Постојат територијални и етнички разлики. Па така, доенечката смртност е највисока во полошкиот регион, во кој во 2016 година стапката на смртност изнесувала 15,6 на 1000 живородени, а помеѓу албанската етничка заедница таа изнесувала 14,2 на 1000 живородени. Анализата на рамката за ризични перинатални периоди укажа дека стапката на смртност во периодот 2013 – 2016 година најмногу се должи на недостатоци во здравствената заштита во периодот пред зачнувањето, за време на бременоста, во однос на здравствената заштита на ризични случаи на бременост, како и во здравствената заштита на новороденчиња под ризик.

Во 2019 година, Собранието на РСМ усвои измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита со кои се обврза Министерот за здравство да подготви и усвои подзаконски акт со кој се уредува работата на патронажната служба. Работата на оваа служба повеќе години не е уредена со никаков правен акт и поради тоа не може да се утврди потребниот обем на патронажни посети на различните групи од населението, како и, пакетот на услуги кој треба да биде испорачан од нивна страна. Уредувањето на нивната работа треба да води кон унифицирање на работата на патронажните сестри, унапредување на опфатот со патронажни посети, како и унапредување на квалитетот на нивната работа. Воедно, усвоениот подзаконски акт ќе претставува основа за барање на отчетност од страна на Министерството за здравство и здравствените домови за доследно и квалитетно спроведување на услугите од страна на патронажните сестри. Во тек е и процесот за реформи во примарната здравствена заштита, кој Министерството за здравство го спроведува во соработка со Светската здравствена организација. Овој процес има за цел примарната здравствена заштита да се ориентира кон потребите на граѓаните и да се овозможи пристап до ефикасна здравствена заштита на примарно ниво.

**ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА РОМИ**

Во однос на здравјето на Ромите, РСМ ја имплементира Стратегијата за Ромите во РМ 2014 – 2020, односно, Националниот акциски план за унапредување на здравјето на Ромите 2015 – 2020. Меѓутоа, наодите од терен, односно од ромската заедница укажуваат дека Ромите и во 2019 година продолжуваат да се соочуваат со бариери во пристапот до здравствената заштита. Имено, 33% од Ромите се соочиле со некаков вид на дискриминација додека користеле здравствена заштита во 2019 година, додека на 12 Роми не им било пружено медицинска помош или лекување кога тоа им било потребно. Жените Ромки од општините Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница, се уште се соочуваат со бариери во пристапот до

здравствената заштита за време на бременоста (антенаталната здравствена заштита), па така, 19% од жените за време на бременоста првата контрола кај доктор ја направиле по изминувањето на првото тромесечје од бременоста, додека 73% од жените направиле помалку од 8 (осум) здравствени контроли за време на бременоста. Според препораките на Светската здравствена организација првата здравствена контрола за време на бременоста треба да биде направена во првите 12 недели од бременоста, односно во првото тромесечје, а, според препораките на Светската здравствена организација и Протоколите за водење на бременоста во Р. С. Македонија, жените треба да направат најмалку 8 (осум) здравствени контроли за време на бременоста. Воедно, само 40% од жените биле посетени од патронажна сестра за време на последната бременост, а, само 16% од жените Ромки на возраст од 24 до 60 години добиле покана да направат ПАП тест, согласно на Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката на Министерството за здравство.

Од оваа состојба може да се заклучи дека постои потреба за понатамошно континуирано обезбедување на експертска и техничка поддршка за јакнење на капацитетите на ромските граѓански организации за применување на методологиите на социјална отчетност и правно зајакнување. Овие методологии овозможуваат ромските граѓански организации да се поврзат со членовите на заедницата и на систематски начин заеднички да ги идентификуваат и адресираат проблемите, односно, да го следат работењето на јавно-здравствените институции, како и да овозможат ефикасно вклучување на граѓаните и особено на ранливите групи на граѓани лично да се залагаат за промена на состојбите пред надлежните институции.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ЖЕНИТЕ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

Во насока на намалување на стапката на невработеност и оспособување на невработените граѓани за учество на пазарот на трудот, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на РСМ секоја година подготвуваат и спроведуваат активни мерки и услуги за вработување реално и не допринесуваат кон остварување на оваа цел. Но како и да е, активните мерки и услуги за вработување на начинот на кој досега се планираат и спроведуваат не одговараат на реалните потреби на граѓаните и не принесуваат кон долгорочна вработливост. Дополнително, важно е да се напомене дека за спроведување на овие активни политики за вработување државата од средствата на граѓаните троши огромни износи на средства, без притоа да обезбеди достоен отчет кон јавноста и овозможи нејзино вклучување во евалуација и планирање на овие политики. Оттука, потребата од активирање на граѓаните и нивно вклучување во креирањето на мерките е од суштинска

важноста на државата и основен поттик да ЕСЕ продолжи трета година по ред да работи на ова прашање.

Нашите наоди покажаа дека граѓаните, со посебен фокус на жените, се соочуваат недостаток на информации и проблеми во пристапот до активните политики за вработување, а пак дел од нив се целосно исклучени од целиот систем за вработување. Во исто време, активностите на АВРСМ во голема не ги таргетираат овие граѓани, ниско е нивото на транспарентност во работењето на АВРСМ, а пак во буџетот на Агенцијата за вработување најголем дел од средствата наменети за спроведување на активните политики за вработување се издвојуваат за три програми и услуги за вработување. Врз основа на согледувањата на граѓаните од четири општини (Битола, Тетово, Струмица и Св. Николе ) во РСМ утврдивме дека повеќе од половина од невработените граѓани (63 %), се лица што се долгорочно невработени; приближно една четвртина од лицата што се регистрирани во евиденцијата на невработени на АВРСМ се соочиле со некаков проблем при регистрација; 74 % од регистрираните невработени лица не знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување; и само 37 % од лицата кои знаат дека имаат право на пристап до мерките, програмите и услугите за вработување се информирани за некои од мерките, програмите и услугите за вработување. Дополнително, мал е бројот на лица што користеле некоја програма, мерка или услуга за вработување. Средствата кои ги троши АВРСМ во голема мера се префрлаат и трошат од УНДП, а притоа не се води сметка за рамномерна дистрибуција на истите, како и за транспарентно информирање на јавноста околу нивното трошење.

Дополнително, граѓаните/граѓанските организации и одговорните институции кои присуствуваа на еднодневна национална конференција на прашањето за активните мерки за вработување ги потврдија и надополнија наодите на ЕСЕ, односно, дека: износот на средства кои се обезбедуваат како поддршка во рамки на активните програми е низок; недостига надзор врз спроведување на мерките од страна на јавните институции; фокусот на мерките е насочен кон работодавачите наместо кон вработените; постои непотизам при доделување на поддршка; долги и отежнати се постапките за користење на мерките и услугите; обезбедувањето на услугите е неквалитетно; недостига директна работа со невработените, итн.

**НУДЕЊЕ НА СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА ЗА НЕПЛАТЕНАТА РАБОТА ЗА НЕГА НА ТЕШКО БОЛНИ ЛИЦА**

Државата треба да обезбеди помош и заштита за лицата кои не се во можност самостојно да ги извршуваат основните животни потреби и кои имаат потреба од нега во сопствените домови. Иако има повеќе видови на помош, за оваа категорија на лица најрелевантни се надоместот за нега од друго лице и услугата за личен асистент, која за прв пат се воведе во 2018 година.

Меѓутоа, наодите од спроведеното истражување помеѓу лицата кои обезбедуваат нега во домаќинствата покажуваат дека помошта од страна на државата не е доволна за да им ја унапреди состојбата во која се наоѓаат лицата кои имаат потреба од нега, и лицата кои обезбедуваат нега. Финансиската помош за нега од друго лице на месечно ниво изнесува најмногу 4.500 денари, додека за лекови, медицински средства и останати помагала директно поврзани со негата на лицето, семејствата трошат во просек 4.350 денари месечно, а за здравствени услуги трошат во просек 2.800 денари. По однос на услугата за личен асистент лицата кои обезбедуваат нега се изјаснија дека е многу тешко да се добие оваа услуга бидејќи нема слободни лични асистенти, а дополнително на тоа потенцијалните корисници на оваа услуга не се задоволни од фактот дека немаат право да одлучуваат кое лице ќе им биде назначено за личен асистент кој треба да се грижи за член од семејството во нивниот дом.

Податоците укажуваат дека од особена важност е државата да обезбеди системски решенија за овие лица и нивните семејства, бидејќи обезбедувањето нега во домашни услови без соодветна помош негативно се одразува врз целото семејство, а не само врз лицата кои имаат потреба од нега, и врз лицата кои ја обезбедуваат негата. Пружањето на нега во домашни услови е прашање на родовата нееднаквост, бидејќи жените го носат најголемиот товар на давање нега, односно, жените се примарни даватели на нега во 73% од домаќинствата каде што се обезбедува негата. Пружањето на нега во домашни услови негативно се одразува на работоспособноста кај 40% од давателите на нега. Воедно, пружањето на нега негативно влијае врз физичкото здравје кај 59%, а врз менталното здравје кај 60% од давателите на нега.

Семејството осиромашува како резултат на обезбедувањето на нега, што може да се заклучи од фактот дека кај 31% од семејствата се бележи намалување на приходите како резултат на обезбедување на негата, додека кај значителен процент од семејствата се бележи зголемување на трошоците како резултат на обезбедување на негата. Па така, 59% имаат

повисоки сметки за комуналии, 74% имаат зголемени трошоци за набавка на средства за хигиена, 67% имаат зголемени трошоци за набавка на храна, додека 58% имаат зголемени трошоци за превоз. Во исто време 63% од домаќинствата се приморани да ги трошат своите заштеди за да ги покријат трошоците поврзани со негата.

# НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 1.1. ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

- Подготвени се две картички за оценка од заедница по однос на пристап до здравствените услуги за женското репродуктивно здравје и здравјето на мајките и децата од општината Шуто Оризари, преку обезбедена техничка поддршка на партнерската организација Романо Чачипе;
- Подготвени 5 (пет) прашалници за интервјуа со здравствени работници на локално ниво (доктори од превентивна здравствена заштита на децата од предучилишна и училишна возраст, патронажна сестра, матичен гинеколог, директор/управник на здравствен дом или поликлиника), со цел проценка на состојбите по однос на пристапот на ромското население до здравствените услуги за женското репродуктивно здравје и здравјето на мајките и децата;
- Подготвена методологија и прашалник за спроведување на процесот на социјална ревизија од страна на партнерските ромски организации од Шуто Оризари по однос на опфат со систематски прегледи на децата вон образовниот систем;
- Зајакнати се капацитетите на 16 граѓански организации од Бугарија и три граѓански организации од Грција за спроведување на методологиите на социјална отчетност и правно зајакнување за унапредување на здравјето на Ромите, преку одржани две обуки и дополнителни консултации;
- Обезбедена е техничка поддршка за една граѓанска организација од Романија во однос на подготовка на прашалник и методологија за спроведување на истражување во ромската заедница со цел проценка на пристапот до примарната здравствена заштита;
- Даден придонес кон утврдување на нивото на програмска и буџетска имплементација на четири буџетски програми на Министерството за здравство, преку континуирано следење на нивното планирање и имплементација.
- Дадени се насоки и препораки за унапредување на процесот на планирање и имплементација на четири буџетски програми на Министерството за здравство.
- Обезбедена техничка помош и поддршка за прибирање, обработка и толкување на буџетски податоци, како и презентирање на наоди во финална анализа на Јувентас од Црна Гора и Превент од Србија.
- Обезбедена е експертска помош на Опции за здрав живот ХОПС, за идентификување на потенцијални можности за финансирање на програмите за намалување на штети

од употреба на droги преку користење на постојани буџетски средства и средствата прибрани од акцизите од цигари, алкохол и пиво.

- Обезбедена е техничка помош и поддршка на European Respiratory Society/TB Coalition Europe за развивање на планови за застапување за финансирање на програмите за сузбивање на туберкулоза од националните буџети на Црна Гора, Македонија, Србија, Хрватска и Косово.

## 1.2. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ГО-и ВО КРЕИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ

- Подготвен е едукативен материјали и курикулум за јакнење на капацитетите на Министерството за здравство и Агенцијата за вработување, во соработка со нив за пилотирање и примена на методологиите на социјална отчетност на Програмата за лекување на лица кои живеат со ХИВ/СИДА и една активна програма за вработување.

## 1.3. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ, МАЈКИ И ДЕЦА

- Подготвена е анализа на состојбите по однос на перинаталната и доенечка смртност во Република Македонија во периодот од 2011 до 2017 година, во соработка со работната група составена од релевантни експерти.
- Подготвена е анализа од мониторингот на Програмата за скрининг на рак на грлото на матката за 2018 година, вклучувајќи препораки за унапредување истата, односно зголемување на буџетот на Програмата, вклучување на докторите специјалисти по семејна медицина во имплементација на Програмата, подготовка на софтверско решение за спроведување и мониторинг на Програмата преку електронската платформа на Управата за електронско здравство.
- Подготвени се препораки за унапредување на работата на патронажната служба, вклучувајќи: потреба за вработување на патронажни сестри во општините каде што недостасуваат, усвојување на подзаконски акт од страна на Министерството за здравство со кој ќе се уреди работата на патронажната служба, вклучување на заедницата, односно корисничките на услугите во процесот на мониторинг и евалуација на работата на патронажната служба.
- Идентификувани се можните негативни влијанија на макроекономските трендови и политики во РСМ врз пристапот на жените, мајките и децата до здравствена заштита.

- Подготвени се препораки и насоки за намалување на негативните влијанија на макроекономските политики кои водат кон ограничување на пристапот до здравствена заштита и услуги на жените, мајките и децата, наменети за Министерството за финансии, Министерството за здравство и Владата на РСМ.
- Идентификувани се потенцијалните коруптивни практики во спроведувањето на 9.696 постапки за јавни набавки, за 2016 и 2017 година, во јавниот здравствен сектор во РСМ.
- Подготвени се препораки и насоки за унапредување на економичноста, ефикасноста и транспарентноста при спроведувањето на јавните набавки во јавниот здравствен сектор наменети за јавните здравствени установи, Министерството за здравство, Бирото за јавни набавки и Владата на РСМ.
- Идентификувани се придобивките за пациентите од три ЈЗУ во РСМ (КБ Тетово, ОБ Прилеп и Институт за белодробни заболувања кај деца – Козле) и утврдено е нивото на реализација и постигнувањата од спроведувањето на проектот насочен кон унапредување на здравствената заштита на жените, мајките и децата, финансиран од Банката за развој на Советот на Европа.

## 1.4. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА РОМИ

- Подготвен е електронски прашалник и електронска база на податоци за спроведување на прашалникот за влез во ромските домаќинства, со цел да се проценат состојбите поврзани со здравствената состојба, пристапот до здравствените услуги, социјалните детерминанти на здравјето, дискриминацијата во здравствената заштита.
- Зајакнати се капацитетите на трите партнерски ромски организации за спроведување на прашалникот за влез во ромските домаќинства, преку одржана обука и спроведен процес на пилотирање на истражувањето.
- Спроведено е анкетирање на 2105 испитаници во ромските домаќинства од општините Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница, преку прашалникот за влез во домаќинства.
- Подготвени се две анализи од мониторингот за 2018 година на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите, со посебен осврт на опфатот на ромската заедница со активностите од овие програми, вклучувајќи препораки за унапредување на планирањето и спроведувањето на Програмите на Министерството

за здравство, со посебен осврт на зголемен опфат на ромското население со програмите.

## 1.5. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ЖЕНИТЕ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

- ЕСЕ во соработка со пет граѓански организации ги здружија напорите за унапредување на пристапот на граѓаните до активните политики за вработување преку примена на методологиите на социјална отчетност.
- Мобилизирани и вклучени се 1.138 граѓани во следење на активните политики за вработување од четири општини во РСМ и активно вклучени 70 претставници од 15 населени места од четирите општини во застапување за нивните права за пристап до активните политики за вработување.
- Развиени се четири картички за оценка на корисноста, информираноста и пристапот до активните политики со активен придонес од 818 граѓани од Битола, Струмица, Тетово и Св. Николе, кои во 2019 година беа презентирани на четири локални дебати со приближно 70 претставници на локалните заедници и локалните јавни институции.
- Подготвена и презентирана е една анализа за програмското и буџетското спроведување на активните политики за вработување на национално ниво.
- Подготвени се 25 препораки за унапредување на активните политики за вработување се развиени и презентирани пред четири одговорни јавни институции за планирање и спроведување на активните политики за вработување и 2.301 граѓани преку организирање на национална конференција.
- Подготвено и промовирано е едно документарно видео, кое допре до 8.271 граѓани, а во кое се презентирани предизвиците на 8 невработени граѓани во пристапот до активните политики за вработување и предизвиците на еден вработен граѓанин како резултат на активните политики за вработување од четири општини во РСМ.
- Развиен и презентиран е урнек за подготовка на годишни извештаи за работењето на АВРСМ, вклучувајќи и насоки за презентирање на програмските и буџетските податоци, пред претставници од пет јавни институции одговорни за донесување на одлуки во областа на вработувањето.
- Развиена и предложена е електронска база со конкретни параметри за известување на АВРСМ, составена од 20 поединечни секции.

## 1.6. НУДЕЊЕ НА СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА ЗА НЕПЛАТЕНАТА РАБОТА ЗА НЕГА НА ТЕШКО БОЛНИ ЛИЦА

- Подготвен е извештај од спроведеното истражување во домаќинствата во кои се обезбедува неплатена работа за нега на лица кои не се во можност самостојно да ги извршуваат основните животни потреби, со наслов „Колку чини неплатената работа за нега во домашни услови“, вклучувајќи и препораките со дополнително спроведени консултации со лица кои обезбедуваат нега.

# 2

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2019 ГОДИНА**

Реализирањето на социјалните и економските права е тесно поврзано со пристапот до правда, особено на ранливите групи на граѓани. Податоците покажуваат дека на глобално ниво 4 милијарди луѓе во светот живеат без правна заштита, токму поради тоа што припаѓаат на некоја ранлива група. Постојат повеќе фактори и причини кои придонесуваат кон нееднаквиот пристап до правда, како од страна на оние на кои им е потребна правната заштита, така и на оние кои неа ја обезбедуваат. И во нашата држава, според националното истражување за правните потреби на граѓаните поддржано од Фондацијата Отворено општество Македонија, веројатноста дека оние кои имаат правни проблеми ќе преземат нешто во врска со нивните проблеми е најмала кај сиромашните, младите, невработените и кај Албанците.

Освен Законот за бесплатна правна помош, Министерството за правда и правосудството воопшто, не презема некои дополнителни мерки со кои ќе го олесни пристапот до правда. Овој вакуум во обезбедувањето на потребната помош и поддршка се пополнува преку воведување на различни неформални форми на обезбедување на правна помош и поддршка, односно преку правна помош која ја обезбедуваат адвокати, правници и параправници во ГО кои работат со ранливите групи на граѓани. Па така во интерес на задоволување на различните правни проблеми со кои се соочуваат ранливите групи на граѓани, во државата работат 35 параправници кои ваков вид на помош и поддршка им обезбедуваат на Ромите, текстилните работници, и сексуалните работници/чки. Податоците на Ромските организации кои обезбедуваат параправна помош и поддршка на Ромите во четири општини покажуваат дека во 2019 година 1.172 лица побарале помош, а, на 862 им е обезбедена параправна помош)на Роми се обратиле за помош и поддршка кај параправниците, во главно за остварување на правата од обласа на социјалната помош и заштита.

Ограничен пристап до правда и потреба за правната заштита имаат и жените кои претрпеле семејно насилство. Имено, тие се уште не можат да обезбедат соодветна и ефикасна правна заштита. Па така, во 2019 година вкупно 145 лица кои се обратиле за правна помош, од кои 101 лица за првпат побарале правна помош, додека

останатите 44 претходно веќе користеле бесплатна правна помош во нашиот центар. . Од вкупниот број на лица кои се обратиле 120 се жени и 25 се мажи. Во однос на националност, 67 лица се од Македонска, 38 од Ромска, четири од Албанска, две од Српска националност, едно од Турска и шест од друга националност. Врз основа на методолошките алатки на ЕСЕ, поточно прашалникот за проценка на формите и ризикот од семејно насилство, од лицата кои за прв пат се обратиле во Центарот за правна помош, 46 лица изјавиле дека претрпеле физичко насилство, проследено со тешки форми на психичко насилство и ризик од повторување и ескалирање на насилството, 73 лица претрпеле психичко насилство во форма на навреди, омаловажувања со ограничување на слободата на движење и контакти со роднини и пријатели, додека пак, девет жени изјавиле дека претрпеле сексуално насилство. Во однос на судската заштита, податоците со кои располагаме од спроведеното судско набљудување на 142 судски предмети, односно 391 судско рочиште, покажуваат дека и покрај побараната судска заштита во кривични и граѓански судски постапки за заштита од семејно насилство, жените се повлекуваат од кривичната постапка против насилниците за сторена "телесна повреда", судските постапки траат долго, за време на судските постапки жените се изложени на ревиктимизација, и она што е најбитно во однос на општествената реакција, судиите не ги изрекува предвидените затворски казни за сторителите на семејно насилство. Неодминливо е да се спомене дека и покрај високо застапеното физичко насилство, жените најчесто проблемот на насилство го решаваат преку постапка за развод. Покрај постапката за развод, постапките за старателство и издршка на малолетните деца се исто така меѓу најчестите постапки кои жените ги иницираат.

И покрај напорите на меѓународно ниво за преземање на активности за спроведување на Целите за одржлив развој и посебно целта која се однесува на промовирање и владеење на правото, кој го опфаќа и прашањето за пристап до правда, на национално ниво се уште не се преземаат активности кои би преставувале основа за континуирано и системско следење на состојбите по однос на областите и прашањата опфатени со Целите за одржлив развој. Ова се однесува и по однос на посебната цел 16.3 во која се опфаќа и пристапот до правда.

Од друга страна, јакнењето на капацитетите и унапредување на статусот на оние кои ја обезбедуваат формалната правна заштита се клучни во обезбедувањето на потребната правна заштита. Од спроведените функционални анализи на второстепените судови и Врховниот суд евидентна е потребата од редовно собирање и анализа на податоци поделени по пол, кои ќе овозможат утврдување на реалните потреби и адресирање на можните пречки во изборот, работењето, унапредувањето, едукацијата и др. прашања на жените судии и судски стручни службеници. Истото, се однесува и на јавните обвинителства на различни нивоа, односно на ниво на Основни јавни обвинителства, Виши јавни обвинителства, Јавно обвинителство на РСМ и Советот на јавни обвинители. Едно од независните тела, пак, кои треба да овозможат заштита од дискриминација, односно Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не се формира до крајот на 2019 година и граѓаните кои се жртви на дискриминација немаа каде да се обратат и да обезбедат заштита.  Исто така, ова тело нема соодветни капацитети за справување со овој сериозен општествен проблем и има потреба од преземање на соодветни мерки со цел да се зголеми транспарентноста, отчетноста и ефективноста.

# НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 2.1. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ПРАВОСУДСТВОТО ЗА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

- Унапредени се познавањата на параправниците преку одржување на три повеќедневни обуки од различни области на правото кои се релевантни за секојдневното обезбедување на параправна помош и поддршка на ранливите групи на граѓани ( 26 на првата, 19 на втората и 22 на третата).

## 2.2. ПРОМОВИРАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФОРМАЛНИ И НЕФОРМАЛНИ НАЧИНИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ ПОТРЕБИ НА ГРАЃАНИТЕ

- Во соработка со Коалиција Маргини, која е носител на заедничката соработка со ЕСЕ во 2019 година подготвен е план на активности кои надлежните институции треба да ги преземат со цел следење на состојбите во однос на Цел 16.3 за одржлив развој.
- Во рамки на спомenатата соработка со Коалиција Маргини, а со цел приближување на Цел 16.3. до граѓаните подготвена е кампања со кратки видео спотови.
- Преку техничката поддршка која им ја обезбедуваме на нашите партнерки Ромски организации во 2019 година, 1.172 лица колку се обратиле за параправна помош, од кои на 862 лица им била обезбедена помош, а останатите биле упатени на соодветни надлежни институции.
- Во 2019 година продолжи како неколку години по ред собирањето и анализите на податоци за трошоците и бенефитите од обезбедување на неформална правна помош, односно, собравме податоци за трошоците на 222 клиенти на граѓанските организации кои обезбедуваат различни видови на бесплатна правна и параправна помош.
- Собрани и анализирани се податоци за ослободување од судски трошоци на жените кои претрпеле семејно насилство (25 жени кои воделе или ќе водат семејни спорови, вклучувајќи и постапка за ПМЗ), односно нивните познавања и праксата, по што е подготвен краток извештај со заклучни согледувања и препораки.

## 2.3. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ НАСИЛСТВО

- Финализиран е процесот на судско набљудување со собирање на податоци за 142 граѓански и кривични судски предмети, односно 391 судско рочиште за семејно насилство, по што е подготвен извештај со препораки за подобрување на судската заштита за жените кои претрпеле семејно насилство.
- Врз основа на наодите од судското набљудување, заедно со 14 судии од основните судови подготвена е Стратегија-план за застапување, кој содржи мерки и активности кои треба да се преземат со цел подобра кривично правна и граѓанско правна заштита на жените кои претрпеле семејно насилство.
- Со Академијата за судии и јавни обвинители организиран е Форум за забрзување на суштинските реформи во кривично правниот и граѓанско правниот систем за заштита од семејно насилство на кој присуствуваа судии од основните судови, како и претставници на останатите институции вклучени во системот на заштита: ОЈО, ЦСР и полиција.
- На сите 145 лица кои се обратиле во Центарот за правна помош на ЕСЕ, дадена им е бесплатна правна помош, а на дел, односно на 57 им е понудена психолошка помош, од која 36 се согласиле и на кои подоцна таа им е обезбедена.
- Во 2019 година остварени се 277 индивидуални средби со лицата кои се обратиле за помош, односно во просек приближно две средби со секој.
- за потребите на разрешување на правните проблеми на лицата кои се обратиле, водени се 18 управни постапки до надлежни институции, 94 првостепени и второстепени судски постапки и на 10 лица и е даден само правен совет.
- Од вкупно 94 судски постапки (85 првостепени и девет жалбени) од кои 86 се граѓански, 3 се кривични и 5 се прекршочни, завршени се 81 постапка.
- Најмногу биле водени постапки за развод (47) и постапки за издршка на малолетни деца ( 20).

- За разрешување на правните проблеми подготвени се 132 писмени поднесоци, од кои најбројни се тужбите за развод на брак и тужбите за плаќање издршка за малолетно дете, по кој следат поднесоците до различни надлежни институции и писмената за потребите на жалбени постапки.
- На три жени кои претрпеле семејно насилство одобрено е бесплатно судско застапување, од кои едната се откажала од водење на судска постапка, за втората се води кривична постапка и за третата се води граѓанска постапка за надомест на штета која била предјавена во кривична постапка, за која било обезбедено второ судско медицинско вештачење.

## 2.4. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ПРЕКУ ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ПРАВОСУДНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Во насока на забрзување на имплементацијата на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, подготвена е Проценка на законскиот мандат и предусловите за транспарентност, отчетност и ефективност во работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД).
- Врз основа на Проценката на законскиот мандат на КСЗД, развиена е методологија за мониторинг на работата на Комисијата, односно посебни инструменти (прашалници) за следење на најзначајните аспекти од работата на ова тело, односно нејзината транспарентност, отчетност и ефективност.
- Заради вклучување на перспективата на крајните корисници, односно ставовите, мислењата и очекувањата на ранливите групи на граѓани во однос на работата на Комисијата, спроведено е истражување со 150 претставници на Ромите, лицата со попреченост, лицата што употребуваат droги, сексуалните работници/чки и ЛГБТи заедницата. Притоа, дефиниравме конкретни препораки за подобро информирање на јавноста и унапредување на постапувањето согласно специфичните потреби на нај дискриминираните граѓани во општеството.
- Спроведена е сеопфатна кампања, односно: објавивме соопштение за јавноста со апел за итно формирање на новата КСЗД; подготвен е краток документарен филм со изјави од претставници на ранливите групи на граѓани, со цел актуелизирање на нивните проблеми и потребата за

формирање на Комисијата; подготвено е кратко анимирано видео за промовирање на предусловите кои треба да бидат преземени со цел непречено исполнување на законскиот мандат и проширените надлежности на КСЗД; инфографици за промовирање на наодите од проценката на КСЗД и истражувањето за дискриминација со ранливите групи на граѓани.

- Подготвени се функционални анализи на четири апелациони суда и Врховен суд од родова перспектива и план за потребни мерки за унапредување на состојбите во однос на родовата еднаквост за секој од аспектите опфатени со функционалната анализа.
- Подготвена е функционална анализа од родова перспектива за работењето на основните и вишите јавни обвинителства, Јавно обвинителство на РСМ и Советот на јавни обвинители, како и план за унапредување на состојбите.

# 3

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2019 ГОДИНА

2019 година за ЕСЕ претставуваше уште една година посветена работа на унапредување на фискалната транспарентност во работењето на јавните институции од областа на социјалните и економските права.

Во 2019 година, Владата на РСМ презема одредени чекори кои би требало да допринесат кон унапредување на транспарентноста во работењето на јавните институции. Имено, се усвои Стратегија за транспарентност во работењето на Владата на РСМ (2019 – 2021), која се однесува не само на пасивната (која и во моментот претставува законска обврска), туку, и на активната транспарентност (во литературата наречена „доброволна"). Стратегија треба да ги поттикне Владата, министерствата, органите во нејзин состав, самостојните органи кои одговараат пред неа, управните организации, јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост чиј основач е Владата: (1) самите да нудат што повеќе информации на граѓаните и без да биде искористено правото на слободен пристап до информации од јавен карактер; (2) да ја воедначат својата практика од аспект на споделувањето на податоци (воедначеност на веб страни од аспект на видот на податоците и документите кои се објавуваат, унифицираност на формат во кој се споделуваат податоците); (3) да го олеснат правото на пристап до информации во јавен карактер согласно предметниот закон; и (4) не само да нудат пристап до своите документи туку и активно да ѝм помагаат на граѓаните при трагањето по извесен податок. Се измени Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кои се овозможи скратување на времето на добивање на одговор по поднесени барања од 30 на 20 дена, проширување на листата на иматели на информации од јавен карактер, воведување на можност за прекршочни постапки за оние кои не обезбедуваат информации и допрецизирање на листата на информациите од јавен карактер. Една од најуспешните резултати во работењето на Владата на РСМ, во кој ЕСЕ даде значаен придонес во 2019 година е порталот „Отворени финансии". Порталот има за цел да овозможи на јавноста да има увид во податоците за реализација на трансакции на сите буџетски корисници на Буџетот на РСМ, со кои што располага Трезорот на Министерството за финансии, при што во првата фаза ќе се објават сите трансакции на буџетските институции на Буџет, а во втората ќе се објавуваат и трансакциите на Единиците на локална самоуправа (ЕЛС) и нивните буџетски институции. Поконкретно, јавноста ќе има информации за називот на буџетските корисници од кои е извршено плаќањето, видот на трошокот согласно економската класификација, примачот на средствата, на кој ден е реализирано плаќањето итн. Податоците во платформата ќе се ажурираат два пати месечно, а, корисниците ќе можат да ги преземаат податоците во отворен формат. Усвоена е и Стратегијата за намалување на

корупцијата во различни јавни сектори (2020 – 2024), која има за цел да ги утврди потенцијалните ризици од корупција и предложи стратешки пристап во борба против корупцијата во правосудството; полицијата; јавното здравство; образованието; транспортот, урбанизмот и просторното планирање; економијата; заштитата на животната средина; и спортот.

Како и да е, поголем дел од активностите кои ги презема Владата во 2019 година би требало да имаат видливи ефекти во наредниот период, освен отворениот трезор чии резултати треба да бидат видливи веднаш по објавувањето. Меѓутоа, се поставува прашањето дали јавните институции во РСМ се подготвени да ги испорачаат очекуваните резултати од направените промени, особено заради фактот што низа години station наназад тие не демонстрираат подготвеност за транспарентност и отвореност за своето работење пред јавноста. Ова го покажуваат наодите до кои ЕСЕ дојде во 2019 година, преку спроведување на низа постапки за следење и оценување на нивото на транспарентност во работењето на јавните институции.

Во насока на недоволната подготвеност на јавните институции да го спроведуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се и наодите на ЕСЕ од спроведените постапки за пристап до информации од јавен карактер иницирани пред јавни здравствени и институции и останати институции кои влијаат врз обезбедувањето на здравствените услуги на граѓаните. Засновано на постапките за пристап до информации од јавен карактер кои ЕСЕ ги спроведе во 2018 година, 33% од опфатените јавни институции не постапувале согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, 30% од опфатените институции делумно постапувале по истиот и само 36% ги почитувале одредбите од истиот. во 2018 година, се бележи пад во нивото на транспарентност кај 22 јавни институции во однос на 2017 година, а пак првичните податоци добиени од спроведените постапки за пристап до информации од јавен карактер, и покрај измените во законот, не покажуваат позитивни промени во постапувањето на јавните институции.

И покрај усвојувањето на Стратегијата за транспарентност во работењето на Владата на РСМ, во 2019 година првичните наоди покажуваат дека нема значителни промени во нивото на проактивност кај јавните институции со споредба со 2018 година кога само три од 25 јавни институции објавиле дел од програмските и буџетските податоци, а пак останатите не објавуваат никакви или пак објавуваат мал обем на информации.

Резултати од оценката на нивото на транспарентност на јавните институции во однос на објавувањето информации за предметот на јавните набавки покажува дека генерално сите институции објавуваат голем дел од информациите. Сепак, сите мониторирани институции обезбедуваат делумни или не обезбедуваат информации за проценетата вредност на набавките без ДДВ и изворот на средства за реализација на набавката. Дополнително, институциите понекогаш не објавуваат информации за бројот на пристигнати понуди, вредноста на склучениот договорот за набавката и избраната компанија за реализација на предметот на набавката за сите постапки што ги спровеле (ова е најизразено како проблем во случајот на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство и здравствените домови). Само шеснаесет (16) приватни компании од околу 1.000 компании биле избрани за испорака на услуги, добра или работи за мониторираните јавно- здравствени установи, и секоја од нив добила по повеќе од 100 милиони денари од државниот буџет во период од две години преку постапки за јавни набавки. Конкретно, овие 16 компании заработиле 5.086 милиони денари или 60% од вкупната вредност на склучените договори.

Како и во изминатите девет години, иницијативата за Отворено Владино Партнерство претставува една од најуспешните иницијативи за соработка помеѓу граѓанскиот и владиниот сектор на национално ниво. Преку неа граѓанските организации имаат можност за предлагање на мерки кои со одредена динамика треба да бидат спроведени со надлежните институции и да резултираат со позитивни промени. Во рамките на ова инцијатива се подготвуваат две годишни планови, чие спроведување го следи Владата и ГО, како и независниот истражувачки механизам. Во 2019 година националните и локалните институции преземаа обврска за работа на 17 клучни заложби кои треба да допринесат кон надминување на проблемите со кои се соочуваат граѓани во областите на: пристап до информации, интегритет и добро управување, фискална транспарентност, отворени податоци, транспарентност на локално ниво, пристап до правда и климатски промени. Покрај институциите од извршната власт, и Собранието на РСМ презема обврски за унапредување на учеството на граѓаните во своето работење, одговорноста при донесување на одредени законодавни одлуки, фискална транспарентност и ИКТ инфраструктурата. Овој процес во 2019 година овозможи повеќе од 10 граѓански организации и јавни институции заеднички работат на спроведување на 81 активност кои ќе водат кон унапредување на идентификуваните проблеми од горенаведените области. До крајот на 2019 година, во делот на активностите во чија реализација учествува ЕСЕ (6 активности), реализирани се 50% од истите. Останатите 50% од активностите не се реализирани заради бирократски постапки во рамки на институциите, недостаток на капацитети и проактивност кај јавните институции. Нискиот степен на реализација или пак делумната

реализација е карактеристика за сите активности од кои се предвидени да се реализираат во рамки на овој процес. Овој процес овозможува редовно срeќавање на државните и ГО и можност за дискутирање за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат тие во однос на транспарентноста и отчетноста. Со цел зајакнување на соработката на државните и ГО во планирањето и спроведување на овој процес формиран е иницијативен одбор за градење на формална коалиција на граѓански организации и мулти институционален совет од граѓански организации и јавни институции кои ќе работат на планирање и спроведување на овој процес во идниот период.

# НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 3.1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПОТРЕБАТА ОД БУЏЕТИРАЊЕ ЗАСНОВАНО НА ПРИОРИТЕТИ

- Во насока на зголемување на јавната свесност за значењето на фискалната транспарентност и потребата од буџетирање засновано на приоритети, подготвивме повеќе од 700 информации, кои преку социјалните медиуми беа прегледани во 714. 176 наврати, а, преку интернет страниците беа прегледани 13.500 пати.
- Одржани се девет едукативно – информативни средби со граѓаните од Св. Николе, Шуто Оризари, Виница, Делчево, с. Црник, Тетово, Струмица и Битола, во соработка со Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## 3.2. ОЦЕНУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

- Оценет е степенот на проактивна транспарентност кај 25 јавни институции, односно степенот на реактивна транспарентност кај 89 јавни институции преку спроведување на 2.173 постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Подготвени и доставени се 112 предлози за унапредување на нивото на проактивна и реактивна транспарентност до 112 јавни институции.
- Прибрани се податоци за спроведувањето на 4.574 постапки за јавни набавки, спроведени од 62 јавни здравствени институции во 2018 година.
- Подготвени и доставени се 62 предлози за унапредување на економичноста, ефикасноста и транспарентноста во спроведувањето на постапките за јавни набавки до 62 јавни институции.

## 3.3.ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА НИВОТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- Во 2019 година, Министерството за здравство во консултации со ЕСЕ разви и по втор пат објави годишни извештаи за програмската и буџетската реализација за претходната година, за што ЕСЕ застапува веќе 10 години.

- Агенцијата за вработување го дополни својот годишен извештај со детални буџетски податоци за износот на потрошени средства за секоја од активните мерки за вработување, што не беше случај во 2018 година.
- Со Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер спроведовме девет средби со граѓани за нивно информирање за правата за пристап до информации и спроведовме кампања за подигнување на свесноста на јавноста за ова право.
- ЕСЕ активно учествуваше во формирање на мрежа на граѓански организации кои ќе работат на Отворено Владино Партнерство и формирање на мулти институционален Совет за Отворено Владино Партнерство, кои понатаму ќе бидат клучни алки во процесот на креирање и следење на имплементацијата на националните акциски планови за Отворено Владино Партнерство.
- Како активен учесник во меѓународниот процес на Отворено Владино Партнерство, претставници на ЕСЕ учествуваа на глобалниот самит за Отворено Владино Партнерство во Отава, Канада.




# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ 2019 – ДЕКЕМВРИ 2019

| Приходи | износ во МКД |
|---|---|
| **1. Пренесен дел на вишокот на приходите од претходна година** | **9,865,121** |
| **2. Приходи од камати и курсни разлики** | **9,509** |
| **3. Приходи од донации, членарини и подароци** | **17,300,061** |
| - ФООМ (Фондација Отворено Општество) | 10,150,146 |
| - Европска Комисија | 2,402,172 |
| - Ист Вест институт за менаџмент | 1,524,939 |
| - УСАИД | 67,525 |
| - Британска амбасада | 1,682,334 |
| - Останати приходи | 1,472,945 |
| **Вкупно** | **27,174691** |

| **Расходи** | **износ во МКД** |
|---|---|
| - Расходи за материјални трошоци, услуги и амортизација | 5,156,194 |
| - Расходи за капитални и други средства | 55,319 |
| - Расходи за помош, донации и други средства | 24,412 |
| - Расходи за плати и надомест за плати | 6,866,732 |
| - Други расходи | 6,573,635 |
| **Вкупно** | **18,676,292** |

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**

**www.esem.org.mk**